Врз основа на член 11 и 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа и член 21 став 1 точка 4 и 5 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на седница одржана на 29.05.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## за целосно ослободување од плаќање комунална такса надоместок за користење јавен простор пред деловните објекти за фирмите регистрирани како даночни обврзници во даночниот регистар во општина Радовиш за 2020 година

член 1

Целосно се ослободуваат од плаќање комунална такса за целосно ослободување од плаќање комунална такса надоместок за користење јавен простор пред деловните објекти за фирмите регистрирани како даночни обврзници во даночниот регистар во општина Радовиш за 2020 година

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе одлуката.

член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш".

О б р а з л о ж е н и е

Оваа Одлука се донесува со важење само за 2020 година како олеснување/ помош на даночните обврзници и последиците кои настануваат од пандемијата со вирусот КОВИД 19 во општина Радовиш.

Бр. 08-733/1
дата 29 Мај 2020 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Коле Чаракчиев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · СОВЕТ НА ОПШТИНАТА · ОПШТИНА РАДОВИШ

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука
за целосно ослободување од плаќање комунална такса
надоместок за користење јавен простор пред деловните објекти
за фирмите регистрирани како даночни обврзници во даночниот
регистар во општина Радовиш за 2020 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за целосно ослободување од плаќање комунална такса надоместок за користење јавен простор пред деловните објекти за фирмите регистрирани како даночни обврзници во даночниот регистар во општина Радовиш за 2020 година, бр. 08-733/1,

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 29.05.2020 год.

бр. 09-733/2
дата 04 Јуни 2020 год.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов